# Во името на Аллах Семилосниот Милостивиот
# Што е Благородниот Куран?

Благородниот Куран е Аллаховиот говор, говор на Господарот на световите и нивниот Создател. Тој му го објави на последниот пратеник и печатот на веровесниците, Мухамед, Божјиот мир и благослов нека се над него, за да им ја објасни на луѓето целта на нивното создавање, да ги води кон среќа на овој и во идниот свет, и да ги ослободи од вечната несреќа по смртта. Тој е последната објавена Божја книга, која ги потврдува претходните книги и ги укинува/дерогира нивните закони.

Куранот е вечен знак и чудо, и е доказ за пратеништвото на Божјиот пратеник Мухамед, Божјиот мир и благослов нека се над него. Бог ги предизвика луѓето и џините да донесат нешто слично на него, па дури и само едно поглавје, но никој не успеа во тоа.

Од неговото објавување пред повеќе од 1400 години, Куранот не бил изменет ниту искривен. Тој ќе остане зачуван на оригиналниот арапски јазик на кој е објавен, бидејќи Возвишениот Аллах се обврзал дека ќе го заштити до последниот час.

Куранот е главниот извор на исламот и уставот кој го уредува животот на луѓето во секое време и место. Тој повикува на обожување кон Единиот Создател и објаснува сѐ што му е потребно на човекот за да го спознае својот Господар и својата вера, почетокот на создавањето на универзумот и фазите на создавањето на човекот. Куранот раскажува за минатите и идните тајни, за приказните на претходните пратеници, како Аллах ги помогнал и како ги уништил нивните непријатели. Во него се содржани основните прописи за обредите и меѓучовечките односи, повикот кон добрите морални вредности и предупредувањето од лошите особини, како и крајното престојувалиште на вечниот свет; или Џенетот - рајот, крајното одредиште на верниците, или Џехенемот - пеколот, крајното одредиште на неправедните и неверниците.

Поради важноста на оваа величествена книга која Аллах ја објави на арапски јазик и нареди да ја пренесеме до целото човештво, задоволство ни е, почитуван читателу, да ти понудиме превод на нејзините значења на твојот мајчин јазик, за да го олесниме разбирањето и пренесувањето на тие значења. Тимот кој работеше на овој превод вложи максимални напори за што подобро да ги разбере и преведе значењата на Куранот. Сепак, без разлика колку е прецизен преводот, тој нема целосно да ги пренесе величествените значења на чудесниот текст на Благородниот Куран, кој ги надминува сите човечки дела. За оние кои сакаат подетално да се запознаат со значењата на Благородниот Куран, препорачуваме да го научат арапскиот јазик на кој е објавен.

Божјиот мир и спас нека е врз пратениците, и благодарноста Му припаѓа на Аллах, Господарот на световите.

Енциклопедија на Благородниот Куран

Можете да го разгледате преводот на значењата на Благородниот Куран на вашиот јазик со скенирање на QR кодот со камерата на вашиот телефон.

Задоволство ни е да ги примиме вашите предлози и забелешки за подобрување на преводот преку прозорецот за коментари пред секој ајет на веб-страницата на енциклопедијата на Куранот (www.quranenc.com). Ако сакате да стапите во контакт со нас, можете да ни пишете преку електронската пошта: info@quranenc.com.

Во името на Аллах Семилосниот Милостивиот
Што е Благородниот Куран?